**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 мај 2020 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во првиот квартал од 2020 година

Во првиот квартал од 2020 година, во тековните трансакции со нерезиденти е остварен дефицит од 157 милиони евра, при дефицит во стоковната размена и кај салдото на примарниот доход. Кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-приливи кај категориите директни инвестиции и трговски кредити.

(во милиони евра)

| | тековна година | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2020 | Кв.1 2019 | Кв.4 2019 | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | -157.0 | -158.1 | -286.9 | 129.9 | -45.3 | 1.2 | -0.7 |
| Стоки | -547.7 | -475.1 | -613.7 | 66.0 | -10.7 | -72.6 | 15.3 |
| Услуги | 166.2 | 101.8 | -33.0 | 199.2 | ...* | 64.3 | 63.1 |
| Примарен доход | -101.1 | -111.5 | -114.6 | 13.5 | -11.8 | 10.4 | -9.4 |
| Секундарен доход | 325.7 | 326.6 | 474.4 | -148.7 | -31.3 | -1.0 | -0.3 |
| **Капитална сметка** | 1.3 | 0.6 | -1.9 | 3.2 | | 0.7 | |
| **Финансиска сметка** | -172.7 | -159.2 | -254.2 | 81.5 | | -13.5 | |
| Директни инвестиции | -132.7 | -40.2 | -176.5 | 43.8 | | -92.5 | |
| Нето-стекнување средства | 102.3 | 179.0 | -212.9 | 315.2 | | -76.7 | |
| *Сопственички капитал*** | 5.2 | 3.3 | 9.2 | -4.0 | | 1.9 | |
| *Реинвестирање на добивка* | 3.2 | 3.3 | 2.3 | 0.9 | | -0.1 | |
| *Должнички инструменти* | 93.9 | 172.5 | -224.4 | 318.4 | | -78.5 | |
| Нето-создавање обврски | 235.0 | 219.2 | -36.4 | 271.4 | | 15.8 | |
| *Сопственички капитал*** | 20.5 | 79.1 | 59.5 | -39.0 | | -58.6 | |
| *Реинвестирање на добивка* | 86.3 | 93.8 | -7.3 | 93.6 | | -7.5 | |
| *Должнички инструменти* | 128.2 | 46.3 | -88.6 | 216.8 | | 81.9 | |
| Портфолио-инвестиции | 31.6 | 22.3 | 36.3 | -4.7 | | 9.3 | |
| Валути и депозити | 72.1 | 35.0 | -28.7 | 100.7 | | 37.1 | |
| Заеми | 112.6 | -18.1 | -129.8 | 242.4 | | 130.6 | |
| Трговски кредити | -6.9 | -152.7 | -164.4 | 157.5 | | 145.8 | |
| Девизни резерви | -249.3 | -5.6 | 156.4 | -405.6 | | -243.7 | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Во првиот квартал од годината, размената на стоки (547,7 милиони евра) и подбилансот на примарниот доход (101,1 милион евра) остварија дефицит, коишто делумно беа

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

неутрализирани преку суфицитот остварен кај секундарниот доход (325,7 милиони евра) и кај размената на услуги (166,2 милиона евра). Како резултат на движењата на одделните компоненти, тековната сметка на билансот на плаќања оствари негативно салдо од 157 милиони евра.

Во споредба со истиот квартал од минатата година, дефицитот во тековната сметка е намален за 1,2 милиона евра, како резултат на зголемениот суфицит во размената на услуги (за 64,3 милиони евра) и намалениот дефицит на примарниот доход (за 10,4 милиони евра), во услови на влошен дефицит во стоковната размена (за 72,6 милиони евра) и минимално намалување на нето-приливите кај секундарниот доход (за 1 милион евра).







Извор: НБРСМ.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во првиот квартал од 2020 година се остварени нето-приливи од 172,7 милиона евра. Позначителни нето-приливи се остварени кај директните инвестиции (132,7 милиони евра) и трговските кредити (6,9 милиони евра). Кај заемите и валутите и депозитите се остварени нето-одливи (112,6 и 72,1 милиони евра, соодветно), врз основа на портфолио-инвестициите се остварени нето-инвестиции во странство во износ од 31,6 милиони евра..

Во првиот квартал од 2020 година кај директните инвестиции се остварени нето-приливи во вкупен износ од 132,7 милиони евра. Анализирано по компоненти, ваквите остварувања се резултат на нето-приливите кај реинвестирањето на добивката (83,1 милион евра), меѓукомпанискиот долг (34,3 милиони евра) и кај сопственичкиот капитал (15,3 милиони

евра). За споредба, во првиот квартал од минатата година, нето-приливите од директни инвестиции изнесуваа 40,2 милиона евра.

Во првиот квартал, обврските врз основа на директни инвестиции[2] се зголемени за 235 милиони евра, како резултат на зголемените обврски кај сите компоненти – меѓукомпанискиот долг (128,2 милиони евра), реинвестираната добивка (86,3 милиони евра) и сопственичкиот капитал (20,5 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестици, во првиот квартал од годинава се зголемени за 102,3 милиони евра, како резултат на зголемените побарувања врз основа на должничките инструменти (93,9 милиона евра), сопственичкиот капитал (за 5,2 милиона евра) и реинвестираната добивка (3,2 милиона евра).

Во првиот квартал од 2020 година, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 31,6 милиони евра, во најголем дел како резултат на нето-вложувања на домашните финансиски институции во странски хартии од вредност, при истовремено намалување на обврските на секторот „држава" кон странство (отплата на камата врз основа на издадените еврообврзници, како и откуп на еврообврзници од претходни емисии од страна на домашни субјекти резиденти).

Во првиот квартал од 2020 година, нето-обврските врз основа на заеми се намалени за 112,6 милиони евра. Намалувањето во најголем дел произлегува од нето-отплатите кај секторот „држава" (157,7 милиони евра), а во помал дел и кај секторот „депозитни институции" (2,3 милиони евра), додека останатите сектори[3] бележат нето-приливи (48,2 милиона евра).

---

[2] Се прикажуваат директните инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или, побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/pb/metodologija/Metodologija_za_platen_bilans_5_2_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартален платен биланс: 31 август 2020 година (референтен период, заклучно со јуни 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).